**Известување за концентрација со која Телеком Србија АД, Србија стекнува дел од бизнисот на Јунајтед Медиа**
**(предмет бр. 08-39/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 19.02.2025 година, а дополнето на 21.02.2025 и на 28.02.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград со седиште на Таковска бр.2., Белград, Србија ќе го преземе direct-to-home бизнисот на Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o. Beograd во Србија и Северна Македонија.

Имено, Телеком Србија а.д .ќе стекне имот, договори и права што Serbia Broadband – Srpske Kablovske Mreze d.o.o. ги користи во врска со своето Целно работење во Србија.

Во врска со релевантниот имот во Северна Македонија, Телеком Србија а.д ќе го стекне друштвото Adria DTH B.V. Amsterdam и неговата подружница ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.

Покрај тоа, Телеком Србија а.д од поврзаните комании на друштвото United Group ќе го стекне следото:

1. 100% удел во друштвото EON TV International, со седиште во Никозија 2415, Кипар („EON“), улица Emmanouil Xanthou 13, Makedonitissa, кое управува со NetTV Plus, OTT сервис за стриминг наменет за дијаспората од поранешна Југославија ширум светот и

2. 100% удел во друштвото SportCo д.о.о. Белград, со седиште во Белград, ул. Кнеза Вишеслава 88, што вклучува одредени права за дистрибуција на содржина и канали што во моментов ги дистрибуира деловната единица „Sport Klub“ во Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија

**Поврзано лице со Подносителот на пријавата на територијата на Република Северна Македонија:**

Поврзано лице со Телеком Србија а.д на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации (шифра на дејност 61.10), односно за обезбедување на услуги за јавен радио-телефонски пристап во јавна телефонска мрежа, јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на услуги за телевизиска програма и сателитски услуги.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност бежични телекомуникации (шифра на дејност 61.20). Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

**Поврзано лице со Целните друштва на територијата на Република Северна Македонија:**

Поврзано лице со Целните друштва на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје“), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност - сателитски телекомуникации.

Подносителот на пријавата предлага како релевантни пазари за оценка на предметната концентрација да се дефинираат: пазар за обезбедување малопродажни услуги за дистрибуција на медиумски содржини и пазар на производство и емитување на ТВ програма.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

04.03.2025 година
Скопје